РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ
Бр. 08-158
16.04 2024 год.
ОПШТИНА АЕРОДРОМ - СКОПЈЕ

## ООУ „Гоце Делчев“ - Општина Аеродром

Врз основа на член 75 од Законот за основно образование и Правилникот за номинирање, избор и прогласување ученик- првенец на генерација и пофалени ученици, Комисијата за избор на ученик - првенец на генерација и пофалени ученици за учебната 2023/24 год. при ООУ „Гоце Делчев''- Општина Аеродром распишува :

# КОНКУРС

### За избор на ученик - првенец на генерација и пофалени ученици за учебната 2023/24 год.

Право на учество имаат сите ученици од деветто оддление при ООУ„Гоце Делчев“ кои ги исполнуваат следниве услови:

- Кандидатот да постигнувал континуиран одличен успех 5.00 на крај на наставната година од I- IX одделение.
- Да не бил казнуван со педагошка мерка од било кој вид во текот на школувањето во училиштето;
- Да учествувал на училишни, општински, регионални, државни, меѓународни натпревари или групни натпревари.
- Да учествувал на училишни, општински, регионални, државни, меѓународни конкурси или квизови.
- Во текот на школувањето во училиштето учествувал во воннаставни активности, афирмација на училиштето, како и учество во проекти за унапредување на училиштето.
- Дипломи за активности надвор од училиштето (спортски клубови, училишта за странски јазици, музичка едукација итн.)
- Во текот на школувањето во училиштето да покажал интерес за унапредување на училиштето, да имал позитивен став и да ги застапувал основните човечко-морални особини: работливост, одговорност, чесност, искреност, скромност и племенитост.

Учениците кои ги исполнуваат горе наведените услови да се обратат кај своите класни раководители за дополнителни информации и помош при подготовката на документите.

**Пријавата и потребните документи да се достават во плик во училиштето, со назнака до Комисија за избор на ученик - првенец на генерација и пофалени ученици, секој работен ден од 10: 00 до 13:00 часот, во периодот од 07.05.24г. до 17.5.24 година.**

Комисијата ќе ги разгледа сите доставени документи, ќе се повика на критериумите за избор согласно Правилникот за избор на ученик-првенец на генерација и пофалени ученици .Ранг листата со учениците кои ги исполниле критериумите ќе биде истакната на 07.06.24г. Наставничкиот совет до крајот на учебната година ќе ги прогласи ученикот -првенец на генерација и двајца пофалени ученици.

Скопје, 16.04.2024г.
Претседател на комисија
Елена Спасовска

Директор

Даница Соколова

ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА АЕРОДРОМ СКОПЈЕ